СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1613/2021

Дата: 01 -11- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Гази Баба ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на дел од КП 39/1, КО Трубарево, Општина Гази Баба.**
Површината на предметниот опфат изнесува 0,56 Ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y23421** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на дел од КП 39/1, КО Трубарево, Општина Гази Баба, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на дел од КП 39/1, КО Трубарево, Општина Гази Баба, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.
5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на дел од КП 39/1, КО Трубарево, Општина Гази Баба задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Гази Баба, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 37697, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на дел од КП 39/1, КО Трубарево, Општина Гази Баба.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на дел од КП 39/1, КО Трубарево, Општина Гази Баба и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1613/2021 од 26.10.2021 година.

Услови за планирање на просторот **за изградба на отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на дел од КП 39/1, КО Трубарево, Општина Гази Баба** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска